# СКОПЈЕ ПРАЈД 2024: СПЕКТАКУЛАРНО НЕПОСЛУШНИ

КРАТОК ДОКУМЕНТ
ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# Краток документ за јавни политики Скопје Прајд 2024: Спектакуларно непослушни!

## Хелсиншки комитет за човекови права

## Скопје
## јули, 2024

*This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.*

Funded by
the European Union

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Скопје Прајд 2024, одржан на 22 јуни 2024, претставуваше силна изјава за видливоста, солидарноста и отпорот на ЛГБТИQ+ заедницата. Настанот беше успешно организиран и покажа високо ниво на институционална соработка, јавна поддршка и безбедносна координација. И покрај позитивниот исход, беше забележан значителен пораст на говор на омраза, особено онлајн, што укажува на потребата од засилени институционални механизми за превенција и одговор.

Скопје Прајд 2024 се одржа под слоганот „СПЕКТАКУЛАРНО НЕПОСЛУШНИ“, кој ја одразува нашата непокорност кон хетеропатријархалните норми и ја слави живописната и единствена природа на ЛГБТИК+ заедницата. „Непослушни“ ја симболизира нашата борба против системската угнетеност, додека „спектакуларно“ ги истакнува разнобојните и радосни аспекти на нашата заедница.

КЛУЧНИ НАОДИ:

- Успешна организација со учество од 1500–2000 луѓе.
- Високо професионална соработка со МВР, без регистрирани инциденти.
- Значаен пораст на говор на омраза на социјалните мрежи.
- Поднесени кривични пријави против 9 лица од страна на Хелсиншкиот комитет.
- Позитивен тренд во медиумското известување, забележан недостаток од истражувачки и хуманизирачки пристапи кон ЛГБТИ лицата.

## Улогата на медиумите

И оваа, како и Парадата на гордоста изминатите години, покажа дека поголемиот дел од медиумите известуваат за овој настан професионално и во согласност со новинарските стандарди.

Сепак, во периодот на засилени антиродови движења кои во своите јавни обраќања користат лажни вести и отворен говор на омраза кон членовите на ЛГБТИ заедницата, под превезот на објективно известување и давање простор на „втората страна“, медиумите често некритички ги пренесуваат нивните ставови кои содржат елементи на говор на омраза, со што стануваат соучесници во тој говор

## ЗАКЛУЧОК

**Скопје Прајд 2024 беше пример за успешна мобилизација и јавна поддршка за човековите права. Со оглед на забележаните предизвици, особено во однос на говорот на омраза, потребно е националните и локалните институции да преземат проактивни и координирани чекори.**

# ПРЕПОРАКИ

- Министерството за внатрешни работи да воспостави посебна единица за следење на говор на омраза поврзан со ЛГБТИ прашања.
- Да се развијат механизми за брза реакција и пријавување говор на омраза на социјалните мрежи (во соработка со ИТ-компании).
- Медиумите да бидат охрабрени да продуцираат хуманизирачки содржини кои ја претставуваат ЛГБТИ заедницата како дел од општеството.
- Поддршка на кампањи за медиумска писменост и борба против дезинформации во врска со ЛГБТИ теми.
- Да се воведе дополнителна правна заштита за говор на омраза базиран на сексуална ориентација и родов идентитет.
- Да се зајакне институционалната соработка и логистичката поддршка за организација на Прајд и други ЛГБТИ настани.

Funded by
the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните
заштитни механизми против
говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА